# ДРЕВНО пророштво ја открива ИДНИНАТА



Едно од најдревните пророштва на светот објавува дека нашата планета чекори кон средба со најдраматичните настани во човечката историја: крај на денешната цивилизација. Во пророштвото не се наведува датумот – ниту годината, ниту деценијата, па дури ни векот. Сепак, дадениот преглед на човечката историја е толку прецизен што последниот чин – единствен кој допрва треба да се исполни – е потполно сигурен.

Приказната започнува со трагичното прогонство на илјадници Евреи од нивните домови во Палестина.[1] Меѓу



[1] Ова пророштво е опишано во Даниел 2 глава.

заробениците кои царот Навуходоносор ги водел во Вавилон, биле четирите млади принцови: Даниел, Седрах, Мисах и Авденаго. Во постапка која нам можеби ни изгледа чудна, но која била вообичаена во она време, Навуходоносор тие четири момчиња ги запишал на Вавилонскиот универзитет, за да се обучуваат за царски советници.

Некое време по тие настани, царот сонувал еден сон. Всушност, тоа бил ноќен кошмар на кој следното утро не можел да се сети. Убеден дека сонот е важен, Навуходоносор ги повикал своите советници и побарал од нив да му кажат – и што сонувал и што сонот значи.

Овие „мудри луѓе“ приговарале поради тоа бесмислено барање, но царот рекол: „или ќе ми го кажете сонот или ќе ве погубам!“ И покрај заканата со смрт, царевите советници сепак не можеле да дојдат до убедлив одговор.



Даниел и неговите тројца другари не биле повикани на дворот со останатите членови на царскиот совет.



**Вавилон**
*605 - 539 пр. н.е.*



**Медо-Персија**
*539 - 331 пр. н.е.*



**Грција**
*331 - 168 пр. н.е.*



**Рим**
*168 пр. н.е. - 476 н.е.*



**Поделена Европа**
*476 н.е. - Денес*





Меѓутоа, веројатно затоа што се обучувале за царски советници, смртниот декрет се однесувал и на нив. И кога стражарите дошле да ги уапсат, Даниел побарал уште малку време. Барањето било одобрено и таа ноќ Бог на Даниел му го дал истиот сон што го сонувал Навуходоносор. Следното утро стражарот го донел Даниел пред царот.

По поздравната церемонија, Даниел соопштил што сонувал царот: „Ти виде, о царе, а пред тебе голем лик“. Главата на тој лик беше од злато, градите и рацете од сребро, половината и колковите од бакар, нозете од железо, а стапалата нешто од железо а нешто од глина. Во продолжение на сонот, огромен камен се појави од никаде, изненадно, го погоди ликот во стапалата, го сруши и кипот се претвори во прав и пепел. Каменот тогаш стана огромна планина што ја исполни целата земја“.

Секако царот бил љубопитен да дознае

и што значи сонот. И почетокот на толкувањето на Даниел сигурно го направил горд: „Ти си царе, таа златна глава“. Но зборовите што следеле не биле толку ласкави: „По тебе ќе се подигне друго царство, помало од твоето“. Даниел објаснил дека вкупно три царства ќе следуваат по Вавилонското.

Повеќето библиски стручњаци се согласуваат дека тие претставуваат Медо-Персија, Грција и Рим.

Рим е последното во низата моќни царства. Кога тоа се распаднало, од неговите остатоци со текот на времето се формирале разни европски народи, Северна Африка и Среден Исток, како што денес ги познаваме. Уништувањето на кипот со камен, претставува уништување на тие народи на крајот на светот, кога Бог ќе го воспостави своето вечно царство.

Еве зошто восхитува тоа пророштво. Даниел ја напишал својата книга околу 600 години пред нашата ера. Тој знаел за Вавилон бидејќи живеел во тоа време, а можно е дека знаел и за Медо-Персија, во време кога го запишал пророштвото, иако тоа царство не го поразило Вавилон уште многу години подоцна. Но, човечки гледано, нема никаков изглед дека Даниел можел да го предвиди растот и падот на Грција и Рим или пропаста на римската империја.

Сепак, секој учебник по историја ќе посведочи дека сонот на Навуходоносор се исполнил токму онака како што Даниел го објаснил.

Некои коментатори на Библијата тврдат дека Даниел ја напишал својата книга дури околу 150 години пр. н.е., а не околу 600 години пр. н.е., како што самиот тврди. Според тоа, велат тие, нема ништо натприродно во неговиот преглед на историјата. Но дури и да го пишувал своето пророштво 150 години пред нашата ера, Даниел не би можел да знае за распадот на римската империја на многу делови, што се случило околу 400 години подоцна.

Значи, се соочуваме со факт што восхитува: пророк, кој живеел пред повеќе од две илјади години, ѕирнал во времето и дал прецизен далекусежен опис за иднината.

Не можеме да заклучиме ништо друго освен дека описот на иднината пророкот Даниел го примил лично од Бога. И бидејќи сè друго од Даниеловиот приказ на историјата на светот се исполнило, можеме да бидеме сигурни дека и последните настани - крајот на светот и воспоставувањето на Божјото царство - **ќе се исполнат**.


Знаци на времето
ГОЛЕМАТА
БОРБА
БЕСПЛАТЕН
ПРИМЕРОК
од книгата „Големата
борба“ порачајте на:
071/569 076 или
02/20 30 777
www.znacinavremeto.mk